# Кратка Биографија

Јас, Тања Леваjковиќ со место на живеење во Општина Центар Скопје, имам повеќе од 30 години професионално искуство во областа на финансиското управување, буџетското планирање, контрола на финансиското работење, управување со ризици и институционално управување во јавниот сектор и меѓународни организации. Дипломирана сум на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје 1988година со VII/1 степен на Економски Факултет со звање Дипломиран Економист.

Во текот на мојата кариера имам извршувано високи раководни функции, меѓу кои и Помошник на Министер за финансиски прашања во Министерството за внатрешни работи, (2013-2019) каде раководев со финансиското работење, буџетската координација, трезорските операции и финансиското известување, управувајќи со тим од повеќе од 50 финансиски службеници. Бев активно вклучена во развој и имплементација на системи за финансиска контрола, управување со ризици и транспарентно буџетско работење.

Професионалното искуство го надградив и во Southeast European Law Enforcement Center (SELEC), Романија – Регионална меѓународна организација, на позиција Директор за Правни и Внатрешни работи (2019-2025) каде работев на управување со финансии, буџети и проекти, како и на координација со меѓународни партнери и институции.

Моето искуство од 35 ефективни години (1990-2025) опфаќа надзор на финансиски процеси, буџетска дисциплина, усогласеност со законски прописи, ревизии и институционална отчетност, што сметам дека претставува значајна основа за придонес во контролата на материјално-финансиското работење на ЈП „Паркинзи на Општина Центар".

Доколку бидам избрана, ќе придонесам кон транспарентно, одговорно и ефикасно управување со јавните ресурси на Општина Центар.

Со почит,

Тања Леваjковиќ